**ЗАПИСНИК**
**од 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 16.09.2022 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** Цветанка Митревска, м-р Емилија Јаневска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 35-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно (поради технички проблем гласањето на г-дин Ајдини беше искажано преку аудио врска) го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.09.2022 година.
2. Предлог-одлука за зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ.
5. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ.
6. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ.

7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 34-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 06.09.2022 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски ја образложи Предлог-одлуката за зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година. Објасни дека е потребно да се зголеми финансискиот план бидејќи во овој момент нема можност да се обезбедат средства од други ставки кои може да се намалат и да се префрлат за набавка на електрична енергија. Од таа причина раководителот на Секторот за финансии и логистика предложи зголемување на Финансискиот план. На крајот на оваа година сигурно ќе има одредена заштеда и нема реално да биде зголемен Финансискиот план, но во моментов затоа што има јавни набавки кои што сѐ уште треба да се реализираат се земаат пари од акумулирани средства од претходните години. Во таа насока објасни дека на следната седница ќе треба да се направи и измена на Планот за јавни набавки за набавка на електрична енергија.

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ објасни дека предлогот е да се зголеми Финансискиот план за 10 милиони денари и ќе изнесува 143.754.238,00 денари, а средства ќе бидат искористени за набавка на електрична енергија. Како пример ја посочи сметката за електрична енергија за 7-ми месец која што беше за седум пати повисока од сметката за 6-ти месец. Исто така наведе дека сега во набавките повеќе не се преговара за висината на цената на електричната енергија бидејќи таа е определена согласно цената на светската берза, односно сега само ќе се преговара за висината на маржата на тој што ќе достави електрична енергија, со тоа што законодавецот ја ограничи и не може да биде повисока од 10%. Сите овие пари се наменети да се распише нова набавка и да се исплатат средствата за потрошена електрична енергија до крајот на годината.

Г-дин Фиданоски рече дека сите се соочени со кризата односно проблемите околу снабдувањето и потрошувачката за електрична енергија. Тоа е видливо и од зголемените сметки воопшто па и кај институциите што претставува глобален проблем. Рече дека не се сомнева во проценката, но сепак не може да се планира од сега до јануари 2023 како ќе се движи висината на сметките па да не е потребно да се направи уште еден ребаланс. Праша дали можеби се размислува со субјектот кој е во истата зграда на АВМУ, Агенцијата за млади и спорт, да се направи заедничка заштеда, да се исклучи едниот од лифтовите за да има помала потрошувачка. Потоа како што ќе тече времето можеби ќе треба да се преземат и други мерки кои што ќе бидат неопходни во

контекст на соочувањето со овој предизвик за заштеда на потрошувачката на електрична енергија. На крајот се изјасни дека ќе даде поддршка на предлогот за зголемување на Финансискиот план.

Г-дин Трајчевски објасни дека раководителот Радуновиќ образложил дека овие средства не се до крајот на оваа година, туку за период од една година до исцрпување на средствата. Сметката за електрична енергија што пристига месечно, за месец јули е 600 илјади денари од кои што АВМУ плаќа 70%, а Агенција за млади и спорт 30%. Објасни дека овие средства со кои се зголемува планот се планирани за 12 месеци и се надева дека ќе се покрие струјата со оваа сума. Информира дека со Агенцијата за млади и спорт е веќе разговарано, на 8-миот кат е исклучено ладењето, струјата е исклучена и не се користи во сите ходници во зградата. Притоа раководителот Радуновиќ во координација со фирмата која што го одржува системот за ладење и греење, го наместија да во сезона на ладење температурата на климатизерите да не биде пониска од 27 степени, а во сезона на греење не повисоко од 20 степени. Наведе дека веќе неколку дена климатизерите воопшто не се употребуваат, а поради заладувањето најверојатно тие нема ни понатаму да се користат. Сега ќе се види каков ќе биде резултатот со сметката за август, но најреална слика ќе има во октомври кога ќе се добие сметката за септември, бидејќи тогаш цел месец ќе се штеди и ќе се види какви се ефектите од преземените мерки од аспект на штедење на електрична енергија.

Г-дин Петрушевски рече дека предлогот за зголемување на Финансискиот план секако ќе го поддржи и нема друг избор. Објасни дека минатите месеци неколку пати неофицијално комуницирал со г-дин Трајчевски на оваа тема. Преземените активности за заштеда на електрична енергија што се прават во АВМУ се неопходни мерки и верува дека и службата и директорот се многу професионални во оваа насока и смета дека ќе има голем ефект. Во врска со препораките на Владата кои се донесени ова лето да ги зголеми параметрите за домаќинство и правни субјекти рече дека тековно Агенцијата како правен субјект има право да инсталира соларни панели, фотоволтаици со капацитет до 40 киловати, на терасата или кровот на зградата. Објасни дека нема направено пресметка колку ќе изнесува финансии годишно, но сигурно ќе биде некоја определена заштеда. Убаво е да се направи пресметка колку овие потенцијални 40 киловати во една просечна сончева година би донеле киловати производство и колку би значело тоа во пари. Но, рече дека ситуацијата е малку комплицирана прво бидејќи не е само АВМУ сопственик, има 30% и друг субјект Агенцијата за млади и спорт, и вториот момент е малку неповолната конфигурација на покривот на зградата бидејќи има овален објект кој е тешко достапен. Во секој случај пред да се започне со било каков проект треба прво да се направи финансиска конструкција во смисла овие 40 киловати што би значеле, потоа да се разговара со Агенцијата за млади и спорт дали се заинтересирани, и иако членовите на Советот и директорот на некој начин се во заминување сепак смета дека е добро кој и да дојде после нив да му оставаат некој проект и ако може да се заврши смета дека 40 киловати финансиски би придонеле. Објасни дека има направено негови пресметки и според нив инвестицијата не е многу голема, станува збор за околу 30-40 илјади евра за да се инсталира според последните цени на пазарот. Објасни дека 40 киловати не е мала енергија, а се знае дека главните потрошувачи во Агенцијата се сервер салата и ладењето и греењето во зависност од годишните времиња. Ако овие потрошувачи се задоволат и плус има опција кога не се работи за викенд струјата да се враќа односно да се продава во системот мисли дека вреди да се направат напори директорот да даде налог на Секторот за технологии да

направи анализа за да не се плаќа непотребно на експерт за ова и потоа Секторот за финансии да направи пресметка што би значеле овие 40 киловати на годишно ниво.

Г-дин Трајчев во врска со дискусијата на г-дин Петрушевски рече дека изразува поддршка на предлогот. Смета дека во оваа ситуација на криза со која што цела Европа се соочува со овој проблем, една таква инвестиција ќе придонесе за намалување на трошоците и ако се направи математика на инвестицијата и на бенефитот што би се добил во наредните години, тоа може да се пресмета едноставно на цената на струјата по киловат колку би била заштедата и за кој период би се вратила инвестицијата. Смета дека треба да се направи една таква анализа во рамки на Агенцијата и претпоставува дека сите ќе го поддржат ова. Очекувањата се дека оваа криза со електричната енергија нема да биде само оваа година туку ќе продолжи и понатаму. Се изјасни дека ќе даде целосна поддршка на овој предлог и нормално АВМУ во рамките на своите капацитети да направи една анализа за да се види периодот на враќање на таа инвестиција и иако е тоа исплатливо да се продолжи понатаму со една таква постапка каде што ќе се направи заштеда. Во врска со заштедата на електрична енергија рече дека исто така треба да се размислува за евентуално работење од дома одреден период, посебно во зимскиот период кога ќе бидат пониски температурите и кога е потребна поголема енергија за затоплување на просториите. Предложи директорот да размисли за некоја таква организација сите кои што можат работата да ја вршат од дома, посебно што денес технологијата дава можности, онлајн состаноци како на пример сега што држат седница во моментов, а ефектот е ист. Таму каде што е неопходно мора физички да бидат присутни, но таму каде што не е толку неопходно и каде што може работата да се изврши од дома да се направи план и на тој начин ќе се направат заштеди затоа што ова е сериозен проблем и дополнително во текот на зимата се очекува проблемите да бидат уште поголеми, не само со цената туку со можни недостатоци на електрична енергија затоа што недостатокот на енергија во цела Европа е голем. Како пример наведе дека во Швајцарија се подготвува Закон каде што не смее никој, ниту дома да има температура повисока од 19 степени и ќе има и казни со тоа што државата тоа ќе го проверува. Ова значи дека сериозни држави кои се финансиски многу понапредни од нашата држава веќе преземаат мерки затоа што очекувањата се веќе јасни дека ќе биде тешка зима и смета дека ќе треба да се направи еден таков план и анализа за максимални заштеди каде што вработените не мора да доаѓаат во просториите на Агенцијата, ќе работат од дома и ќе се заштеди електрична енергија.

Г-дин Фиданоски се согласи дека неизвесноста кај сите држави во Европа е голема за тоа што ќе се случува, затоа што нема континуирано снабдување со енергенси како што беше до сега. Во контекст на она што го кажал г-дин Трајчев, рече дека Агенцијата како институција веќе има искуство за работа од дома за време на Ковид пандемијата и според него тоа функционираше добро, но остава да процени директорот Трајчевски кога е неопходно и како тоа да се направи. Тие вработени што се задолжителни да доаѓаат во Агенцијата заради нормално функционирање на системот и да бидат доколку е можно заедно сместени во просторија за да се штеди електричната енергија. Верува дека ќе се најде најдобриот баланс во начинот на функционирање на системот и институцијата, а притоа да нема големи трошоци. Како мала дигресија на дискусијата на г-дин Петрушевски рече дека Владата не дозволи зголемување на максимално производство за правни и физички лица, туку ја олесни процедурата за можноста за поставување. И претходно беше до 6 киловати за домаќинства и 40 киловати за правните субјекти. Според негови проценки некаде за 40

киловати ќе се потребни околу 50 или повеќе панели да се инсталираат од тие што во моментов се продаваат на македонскиот пазар за да може да се добие тоа производство од 40 киловати. Од 300 сончеви денови како што проценуваат експертите Македонија е идеално место за развивање на вакво производство. Рече дека ќе даде целосна поддршка ако се влезе во ваква фаза. Претпоставува дека таа ќе биде со оглед на актуелните цени на берзата за овој тип на енергенси релативно брзо исплатена иако претходните проценки говореа дека ќе треба повеќе години во однос на претходните цени. Рече дека панелите треба да се инсталираат на посончевите страни на објектот каде што поголемиот дел од денот сонцето зрачи. Верува дека ако се започне со таков проект ќе има бенефит.

Г-дин Петрушевски рече дека такви места се кровот и терасите на зградата, но сепак ќе треба стручно лице да процени како и носивоста на објектот и пристапноста. Ако е потребно може да се плати и таква стручна студија која веројатно нема да чини многу пари.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се одобрува зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година, бр.05-3096/1 од 09.08.2022 година.

Со предложеното зголемување на Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та, вкупно планираните приходи и расходи ќе се зголемат за 10.000.000,00денари, односно ќе изнесуваат 143.754.238,00 денари.

Со предложеното зголемување ќе се обезбедат финансиски средства со вкупен износ од 10.000.000,00 денари кои ќе бидат наменети за исплата на потрошувачка на електрична енергија согласно постоечкиот договор, како и за нова јавна набавка и нов договор кој Агенцијата ќе го распише во 2022 година, бидејќи стариот договор се очекува да биде целосно исцрпен.

Со зголемување на финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022 година ќе се изврши со измена на следните позиции:

- Вкупните приходи се зголемуваат за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 133.754.238,00 денари изнесуваат 143.754.238,00 денари;
- Приходната ставка Пренесени вишок средства од минатата година се зголемува за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 49.154.238,00 денари изнесува 59.154.238,00 денари;
- Вкупните расходи се зголемуваат за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 133.754.238,00 денари изнесуваат 143.754.238,00 денари;
- Ставката 401 – Потрошена енергија_се зголемува за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 3.500.000,00 денари изнесува 13.500.000,00 денари.
- Позицијата 401000 – Потрошена електрична енергија се зголемува за 10.000.000,00 денари и наместо досегашниот износ од 3.000.000,00 денари изнесува 13.000.000,00 денари.

Секторот за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 3, 4 и 5**

Г-дин Петрушевски побара информација дали предложените мерки за јавна опомена за ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје се констатирани од еден извештај?

Г-дин Трајчевски рече дека раководителката Јаневска ќе ги образложи сите точки иако станува збор за различни прекршувања, а потоа може да има дискусија за секоја точка поединечно.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска објасни дека извештаите се различни, но може да се објаснат во едно образложение. Наведе дека сите извештаи се од редовниот програмски и административен надзор што беше спроведен врз четири телевизии на национално ниво што емитуваат програма преку оператор на јавни комуникациски мрежи. Со овој надзор реализиран во август кај ТВ 21-М беа констатирани три прекршувања. Првото прекршување се однесува на Законот за медиуми на член 14 односно обврската на објавување импресум. Денот кога е направен надзорот констатирано е дека кај радиодифузерот на 5 август 2022 година, во дел од емитуваните програми не ги објавил податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис во утринско информативна забавна емисија. Од таму се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 45 дена од денот на приемот на решението а потоа да се изврши контролен надзор. Следното прекршување е на членот 50 став 3 од ЗААВМУ односно на правилата за на малолетните лица. Со надзорот е констатирано дека премиерите и репризите од играните серијали „Fatih Harbiye" и „Benim adim Melek", како и промотивните најави за нивно емитување, беа несоодветно класифицирани и означени како програма од прва категорија, наместо како програма од втора категорија, која не се препорачува за деца под 8 години, односно за која се препорачува надзор од родител или старател. Од таму се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување од 30 дена од денот на приемот на решението а потоа да се изврши контролен надзор. Во врска со третото прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ рече дека се однесува на забраната на емитување на прикриени аудиовизуелни комерцијални комуникации. Констатирано е дека во аудиовизуелните целини во рамките на три различни изданија од забавно-информативната емисија „Në focus (Во фокус)", беше емитуван еден ист прилог за „Bushi resort & spa Skopje" со директно поттикнување да се купат дел од неговите угостителски услуги, што претставува прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација. И за ова прекршување се предлага да се изрече мерка јавна опомена со рок на усогласување согласно Упатството веднаш од денот на приемот на решението да се усогласи со Законот, а потоа да се изврши контролен надзор. Објасни дека радиодифузерот по приемот на трите извештаи веднаш испрати допис кој исто така е доставен во материјалите во кој вели дека ги прифаќа извештаите во целост и дека се преземени мерки за отстранување на слабостите.

Г-дин Ајдини рече дека е добро тоа што радиодифузерот се изјаснил по основ на сите три прекршувања и ги прифаќа извештаите на Агенцијата и ќе постапи по изречените мерки. Во материјалите видел дека радиодифузерот го усогласил работењето согласно Законот за медиуми и ЗААВМУ. Се изјасни дека ќе гласа за сите три предлози за изрекување јавна опомена.

*гласање по Точка 3*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3267/1 од 26.08.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена заради прекршување на член 14 од Законот за медиуми, затоа што на 5 август 2022 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Советот на Агенцијата донесе Решение за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*гласање по Точка 4*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3261/1 од 26.08.2022 година и едногласно заклучи на Трговско радиодифузно друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 50 став 3 од ЗААВМУ и на членот 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица затоа што на 5 август 2022 година, премиерно и репризно емитуваните епизоди од играните серијали „Fatih Harbiye" и „Benim adim Melek", како и промотивните најави за нивно емитување, беа несоодветно класифицирани и означени како програма од прва категорија, наместо како програма од втора категорија, која не се препорачува за деца под 8 години, односно за која се препорачува надзор од родител или старател.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје му се наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење согласно одредбите од ЗААВМУ и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на

надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*гласање по Точка 5*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај бр.10-3262/1 од 26.08.2022 година за извршен програмски редовен надзор и едногласно заклучи на ТРД КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 53 став 2 од ЗААВМУ затоа што на 5 август 2022 година, во рамките на три различни изданија од забавно-информативната емисија „Në focus (Во фокус)", беше емитуван еден ист прилог за „Bushi resort & spa Skopje" со директно поттикнување да се купат дел од неговите угостителски услуги, што претставува прикриена аудиовизуелна комерцијална комуникација.

Во согласност со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи веднаш по приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на Трговско радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањето е констатирано со истиот програмски и административен надзор реализиран во август. Согласно Правилникот за нови рекламни техники со цел да не се нарушува интегритетот на аудиовизуелните дела и да не се нарушува задоволството на граѓаните од гледање на програмите е утврдено дека во емисијата „SOFRA" беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути. За радиодифузерот се предлага мерка јавна опомена со рок на усогласување од 15 дена од денот на приемот на решението а потоа да се изврши контролен надзор.

Г-дин Ајдини праша дали има изјаснување од страна на радиодифузерот по основ на прекршувањето затоа што во материјалите не е доставен таков документ.

Раководителката Јаневска објасни дека нема пристигнато изјаснување од страна на ТВ Шења иако согласно Законот му беше доставен извештајот и барање за изјаснување по основ констатираното прекршување.

Г-дин Трајчевски информира дека по објавување на извештајот на веб страницата на Агенцијата директорот на телевизијата телефонски му се јавил и му објаснил дека ќе го отстранат прекршувањето но за тоа нема никаков документ и затоа го нема ни во материјалите што се доставени за седница.

Г-дин Ајдини рече дека и тоа е добро што телефонски се јавил затоа што на некој начин го прифаќа прекршувањето.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3263/1 од 26.08.2022 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 98 став 2 од ЗААВМУ и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники затоа што на 10 август 2022 година во емисијата „SOFRA" беа емитувани поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

Во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, му се наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за нови рекламни техники.

Секторот за правни работи и јавни набавки да го изготви Решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка услуга: Водоинсталатерски и електричарски услуги. Објасни дека оваа набавка се спроведува секоја година а набавката ќе се спроведе како набавка од мала вредност. Огласот ќе биде објавен на електронскиот систем на јавни набавки а сите податоци како начинот на извршување на набавката, рокот, критериумот и други податоци ги има во доставените материјали.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: водоинсталатерски и електричарски услуги .

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: водоинсталатерски и електричарски услуги е предвидена и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2022 година на Агенцијата за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-563/2 од 08.02.2022 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2022-та година.

Точка 8

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр.** 02-3436/8

29.09 **2022 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**